MQS
Partner of Quality Austria

Бр. 12-988/2
18.02.2020 год.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Државната комисија за спречување на корупција, врз основа на членот 22 и членот 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.12/19) постапувајќи по пријава поднесена од подносителот ___________ од __________________, на 24.12.2019 година до Државната комисија за спречување на корупцијата, на 27-мата седницата одржана на 14.02.2020 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата поднесена од подносителот _____________ од _________________, до Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на која е оформен предмет со број 12-5754/1 од 24.12.2019 година, а во која се укажува на сомневање за незаконско постапување на судии и обвинители со цел да му се помогне на обвинетиот без да се води сметка за јавниот интерес и за интересот на оштетената страна, **СЕ ОТФРЛА**.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата по увидот во содржината на пријавата утврди дека нема елементи за натамошно надлежно постапување, односно постапувал друг надлежен државен орган.

Предметот со број 12-5754/1 од 24.12.2019 година да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на ДКСК, со образложението.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот со број 12-5754/1 од 24.12.2019 година е оформен врз основа на добиена пријава од подносителот _________ од __________.

Во пријавата се укажува на сомневање за коруптивно постапување на судиите на Основен суд _________ – _________ и Апелационен суд ______ – ______________, _________________ и _________________, како и на обвинителот на ОЈО _________ - ________________ по предметот К.бр.________ против обвинетиот ___________ од __________. Во пријавата се укажува на сомневање дека во овој предмет од страна на учесниците во постапката не е постапувано законски, дека е постапувано со цел да му се помогне на обвинетиот, а при тоа не е водено сметка ниту за јавниот интерес, ниту за интересот на оштетената страна. Имено, со првостепена пресуда на обвинетиот _______ ___________ му е изречена казна затвор од 8 месеци, за потоа по вложена жалба од негова


Република Северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk

страна да биде изречена условна осуда, за сторено кривично дело „Тешки дела против безбедноста на луѓето и имотот во сообраќајот", во кој кривично правен настан животот го загубил синот на подносителот на пријавата.

Од спроведената постапка за утврдување на фактичката состојба и проверка на основаноста на наводите содржани во пријавата, Државната комисија за спречување на корупцијата на седницата констатира дека за предметниот случај постапувал друг надлежен државен орган, односно станува збор за второстепена судска пресуда од која оштетената странка не е задоволна. Воедно, имајќи го предвид член 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 12/19), Државната комисија нема надлежност да ја оценува основаноста на судските одлуки и да бара нивно преиначување.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата, согласно членот 22 и членот 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.12/19) одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

По заклучок на седница на ДКСК
Изработил: м-р Билјана Каракашова Шулев, Советник
Одобрил: м-р Шемши Салаи, член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**Катица Николовска**